# УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ РОМКИ ВО ПОЛИТИКАТА НА ЛОКАЛНО НИВО



LULUDI
Romani Asocijacija Džuvljenge thaj Ternenge
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Roma Women and Youth Association

Издание на: Ромска Асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“,
Скопје, 2022 година.

Автор: Даниела Димитриевска

Истражувањето е иницирано од:
Кјмет Амет – Претседателка на РАЖМ „ЛУЛУДИ“
Наташа Стојановска – Проектна координаторка во рамки
на институционалната поддршка од Цивика Мобилитас.
Уредник и графичка адаптација: Инес Џемаил

Искажаните ставови, мислења и содржина во оваа публикација не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.

Годишниот план за работа на РАЖМ „ЛУЛУДИ“ е поддржан од Цивика мобилитас..

LULUDI
Romani Asocijacija Džuvljenge thaj Ternenge
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Roma Women and Youth Association

**Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“ (РАЖМ „Лулуди“)** е основана на 15.06.2001 година, во Скопје, како одговор на потребата од промени и поддршка за предизвиците со кои се соочуваат жените и младите Роми во Р.С. Македонија. Се стреми да постигне родова еднаквост и заштита на правата на жените со фокус на жените Ромки, подобрување на статусот на жените Ромки во општеството и семејството, како и подигнување на нивото на образование на младата ромска популација преку интензивна соработка со други невладини организации и институции во Република Северна Македонија.

Организацијата има за цел: остварување на економските, социјални, културни, граѓански и политички права на жените и младите Роми/ки, утврдени со Уставот на РСМ, соодветна застапеност во сите сфери на општественото, економско и политичко делување и во процесите на донесување одлуки, промовирање и целосно почитување на личноста на жената и младите, нивниот интегритет, постигнување поголема родова еднаквост и право на избор и глас. Својата работа е базирана на истражувања и проценка на потребите на заедницата, креира активности достапни за локалната заедница и насочена кон одредена целна група со јасна и концизна цел.

Општите цели и задачи на здружението е да создадва услови и организирани настап за континуирани активности на жените и младите, како и да ги следи, проучува и иницира прашањата што бараат општествено разрешување, а непосредно се поврзани со унапредување на општествено - економската положба на жените и младите.

## Што е родово-одговорна локална власт?

Локалните власти се оние кои можат процесите на владеењето да ги направат порамноправни, повклучителни и поотчетни. Владеењето кое е порамноправно, повклучително и поотчетно, пак, со самото тоа е поефикасно и поефективно.

Родово-одговорната локална самоуправа прифаќа еден од клучните аспекти на доброто владеење. Се грижи и одговара на различните потреби, интереси, приоритети и прашања на жените и мажите како рамноправни граѓани. Родово-чувствителната локална самоуправа дејствува за да им излезе во пресрет на овие различни потреби и да ги вклучи во сите процеси на локалното владеење – во креирањето на политиките, во планирањето, распределбата на буџетот, во развојот на програмите, испорачувањето на локалните услуги и во следењето на изведбата – за директно да одговори на постојните родови нееднаквости.



Задача на родово-одговорната локална власт е, исто така, да осигури дека сите процеси, процедури и системи на локалната власт се развиени и спроведени на начини кои предвид ги земаат различните потреби на жените и мажите. Значи, не станува збор само за вклучување повеќе жени во процесите на локалната власт – иако остварувањето на родовата рамнотежа на сите нивоа на локалната власт е многу значаен прв чекор. Поскоро, станува збор за тоа да се осигури дека во сите свои активности, локалните власти ја земаат предвид родовата нееднаквост и се справуваат со неа преку своите политики, програми и активности.

## Како можат единиците на локалната самоуправа во својот систем на владеење да биде родово одговорен?

За да воведат родово-одговорна локална власт, единиците на локалната самоуправа мора да исполнат неколку услови кои им обезбедуваат силна основа на напорите за постигнување родова еднаквост. Тие услови се следниве:

### 01 Знаење и вештини за родовите прашања

Подготвеноста на локалната власт да ѝ даде приоритет на родовата еднаквост на политичката агенда е директно и силно поврзана со нејзиното знаење за тоа што точно претставува родовата еднаквост и зошто тежнеењето кон нејзиното остварување носи политичка, општествена и економска корист. Општинските комисии за еднакви можности треба да настојуваат да ја покажат врската меѓу родовата еднаквост, социоекономскиот развој и доброто владеење. Сепак, неопходно е оние кои ја водат општината да го водат и процесот на градење на знаењето и вештините.

### 02 Развивање родова чувствителност и родова свесност

На знаењето мора да му одговара капацитет за да можат на дело да се спроведат ефективни проекти и програми кои ги адресираат родово-заснованите нееднаквости. Првиот чекор за градење капацитети треба да биде развивањето на чувствителноста: да се направат локалните службеници од сите нивоа, на сите позиции, свесни за тоа како нашите институции, системи, процеси, односи и политики се базираат на идејата и (често) стереотипите за различните и нееднакви улоги и одговорности на жените и мажите – и зошто ова е важно. Без основното развивање на родова чувствителност, напорите за градење капацитети за родовите прашања лесно може да бидат отфрлени, симнати од листата на приоритети,и да наидат на отпор или на директно спротивставување.

### 03 Системи и процеси

Човечкиот капацитет треба да биде поддржан со финансиски ресурси. Потребни се ресурси за да се развијат технички системи што ќе овозможат собирање точни податоци кои ќе бидат основа за градењето политики. Од родова перспектива, најзначајни системи кои треба да се воспостават во локалната власт се информациски системи кои ќе овозможат собирање, процесирање и анализирање на податоци разделени според пол. Податоците разделени според пол, собрани на начин што ги вклучува и мажите и жените, а кои се анализирани од експерти со солидно знаење од областа на родовите односи, се клучни за развивање соодветни политики и јавни услуги кои одговараат на потребите и приоритетите на жените и мажите, момчињата и девојчињата.

### 04 Политичка волја

Секогаш е тешко да се процени каде да се смести „политичката волја" како предуслов. Навистина, без неа, родово-одговорната власт лесно станува средство за задоволување на меѓународните донатори или за исполнување на технички барања. Политичка волја значи дека политичките водачи ја ставаат родовата еднаквост високо на своите агенди. Но, треба да се прави разлика помеѓу политичка волја и бирократска волја. И двете бараат лидерство, но политичката волја значи дека лидерите ѝ даваат приоритет на родовата еднаквост во политичките процеси, а бирократската волја дека лидерите се обврзуваат да ги обезбедат неопходните ресурси за да осигурат дека родовата перспектива е вклучена во сите процеси, политики и програми на власта.

## Цел на истражувањето

Ова истражување има за цел да даде одговори на прашањата колку кандидатите за градоначалници во своите програми планираат да им служат на граѓаните и дали ги разбираат посебните потреби на различни категории на граѓани ставајќи се во релација колку од нив имаат информации за родовата компонента во владеењето на локално ниво.

Второто прашање е колку од кандидатките за советнички ја познаваат родовата машинерија на локално ниво и како би ја употребиле за да ги задоволат потребите на жените од општина Шуто Оризари.

Третото прашање треба да ни понуди одговори во смисла дали кандидатите за градоначалници/чки и советничките имаат општи познавање од функционирањето на локалната самоуправа и ингеренциите која таа ги има, како и дали имаат заложби и сфери на интерес кои евентуално би ги застапувале во текот на нивниот мандат во општина Шуто Оризари.

Четврто прашање е како жените од останатите општини гледаат на учеството на жените во политиката во генерална смисла, но и на учеството на жените Ромки во политиката.

## Методологија

Ова истражување беше спроведено непосредно пред локалните избори 2021 година. Самото време го одредува наративот на кампањата која се рефлектира и во резултатите од истражувањето. Кога се прави ваков тип на истражување пред избори се забележува постоењето или непостоењето на соодветна изборна програма на темата која е предмет на опсервација. Времето влијае и врз интересот на кандидатите да им излезат во пресрет на граѓаните и нивната подготвеност да се учествува во истото.

Подготвени се четири вида на прашалници за секоја испитана група. Прашањата се отворени со можност на не униформиран одговор и еден мешовит во кој повеќето прашања се затворени, но се остава можност и за сопствен одговор.
Истражувањето е спроведено врз 2 кандидата за градоначалник од вкупно 5 кандидати. Додека, за советнички се интервјуирани 8 жени. И кај случајот на градоначалници и кај кандидатки за советници интервјуирани се само припадници на ромската заедница. Во општината вкупно се кандидирани 171 кандидати за советници, од кои 42% или 72 жени се на кандидатските листи за советници. Додека, третиот прашалник беше подготвен и наменет за жените од општината Шуто Оризари и тој прашалник го пополнија 53 граѓанки. Четвртиот прашалник е наменет на жени од други општини и тој го пополнија 53 граѓанки.

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Општина Шуто Оризари, според пописот 2002 има околку 35 000 жители од кој 60.6 % од населението се Роми. Овие податоци се оквирни со оглед дека новите податоци од пописот се очекуваат во скоро време. Во избирачкиот список има запишано 24 230 избирачи. На последните избори излезноста била 33,46 % од вкупниот број на гласачи.

Кај прашалникот подготвен за кандидатите за градоначалници поставени се шест прашања од кои пет се отворени прашања и едно затворено прашање. Понудено е овој прашалник да го одговорат сите кандидати за градоначалници кои припаѓаат на ромската заедница (вкупно 4 кандидати) на понудата позитивно одговорија два кандидати. Сите кандидати за градоначалници се мажи.

На прашањата ги дадоа следните одговори:

| | |
|---|---|
| **1. Кои се вашите приоритети за општината:** | Образованието е приоритет и кај двата испитаници додека едниот од нив ги проширува кон домување, грижа за животната средина и здравјето, другиот кандидат се насочува кон поедноставување на процедурата при административните работи на општината. |
| **2. Кој се приоритети кои ќе го олеснат животот на жените во општината?** | И двата кандидата зголемувањето на вработување го ставаат во фокус кој би го олеснил животот на жените во општина Шуто Оризари. |
| **3. На прашањето, што претставува родово сензитивна општина** | Едниот кандидат и придава важност на рамномерното вработување на жени и мажи во општинската администрација, другиот кандидат се повикува на еднаквите права помеѓу жените и мажите. |
| **4. Дали знаете дека секоја општина треба да има комисија за еднакви можности?** | На ова прашање и двата кандидати одговараат ДА, т.е. знаат дека постои Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите и борба против дискриминација при секоја општина. |
| **5. Додека на прашањето, според вас која е улогата на таа комисија** | Одговорите се да се изедначат правата на жените и мажите, или да претставуваат глас на народот. |
| **6. На прашањето: Како избран градоначалник колку жени би ангажирале во вашиот кабинет.** | Кај едниот кандидат има дефинирана бројка од 30%, додека другата има неодредена вредност дека ќе се залага за зголемено учество. |

## Заклучоци и препораки

**Од одговорите може да се види дека овие кандидати имаат подготвеност да соработуваат на прашањето на вклучување на жените во општината. Имаат базични познавања за родовата машинерија и ингеренциите на општината кон менстимирање на ова прашање. Друго прашање што се поставува е зошто сите кандидати за градоначалници не го пополниле прашалникот кој не одзема многу време, кога веќе нивните тимови биле контактирани повеќе пати. Дали тоа значи дека тие што не го пополниле прашалникот сметале дека нема потреба да губат драгоцено време од кампањата со одговори на оваа тема, или пак прецениле дека ова прашање е ирелевантно за нив, никогаш нема да дознаеме.**
**Една од препораките е постојано да се промовира темата за еднаква застапеност на жените и во одлучувањето и во консумирањето на благодетите на општинско ниво. Жените жители на општините треба да знаат дека општината со своите избрани претставници и администрација им служи ним, а не обратно. Тогаш можеби кандидатите за градоначалници и подоцна избраните градоначалници ќе имаат поголем респект за половина од популацијата во општината.**

### Одговори од кандидати за градоначалници

| | | |
|---|---|---|
| **Кои се вашите приоритети за општината** | Образование, врботување, домување, животна средина, здравје | Вработување и олеснување на издавање на битни документи во општината |
| **Кој се приоритети кои ќе го олеснат животот на жените во општината** | Зголемени можности завработување, центар за кариерно советување, стипендии за социјални случаи, подобро оброзование | Вработување на жените од социјалните категории и на инвеститорите во општината да се побарува присуство на жени во работните процеси |
| **За вас што е родово сензитивна општина** | Родова, женска застапеност во структурите на општината | Општина каде жените и мажите имаат исти права и се еднакви |
| **Дали знаете дека секоја општина треба да има комисија за еднакви можности** | да | Да |
| **Според вас која е улогата на таа комисија** | Гласот не народот/ гласно борец за правата за Ромите | Да ги изедначат правата на мажите и жените |
| **Како избран градоначалник колку жени би ангажирале во вашиот кабинет** | неразговетно | Ангажман од 30% жени во кабинетот |

## Одговори од советнички кандидатки во општина Шуто Оризари

Во прашалникот кој се однесува на советничките поставени се пет прашања од кои четири се отворени на кои може да се даде одговор според свое мислење, едно прашање е затворено каде одговорот е со да или не. Прашалникот е понуден на сите кандидатки припаднички на ромската заедница – кандидатки од разни политички партии. Не беа интервјуирани припадниците на останатите заедници кои имаа свои кандидатски листи, од разни политички партии во општина Шуто Оризари. Прашалникот го пополниле 8 кандидатки за советнички.

На прашањата ги дадоа следните одговори:

### 1 Кои се вашите приоритети за општината:

Кандидатките за советнички дале повеќе приоритети од кој најповеќе се однесува за вработување, домување и животна средина, канализација и чиста вода, улици и асфалтирање, амбуланта.




Од ова се гледа дека на ова прашање сите теми имаат иста вредност освен основните вредности на комуналното живеење како чиста вода канализација, чистење ѓубре ако ги ставиме под една ставка на комунално работење на општината.

## 2 Како ќе им го олесните животот на жените во општината?

Според одговорите најмногу преку вработување и образование, а истото така и со збогатување на здравствениот и социјалниот живот.




## 3 Што е родово сензитивна општина?

Најголем број, 6 кандидатки за советнички, го поврзале со еднаквоста помеѓу жените и мажите, а останатите со бројот на вработени и бројот на избрани жени во општината.



## 4 Дали знаете дека секоја општина треба да има комисија за еднакви можности ?

На ова прашање, 5 одговориле дека знаат, додека 2 не знаеле дека постои Комисија за еднакви можности, а 1 не одговорила на прашањето.




## 5. Според вас која е улогата на таа Комисија?

Според одговорите, 2 одговориле да се слушне гласот на народот, а сите останати имале уникатно видување како создавање на еднакви можности при донесување на програми, еднаквост при вработување на жените и мажите, едукација и јакнење за женските прашања.



## Заклучоци и препораки

Од одговорите на кандидатките за советнички може да се согледа дека имаат извесни познавања од функционирање на локалната самоуправа, можат да ги препознаат горливите прашања многу повеќе од колку што се запознаети со родовата компонента во рамки на локалната самоуправа. Со оглед дека тие се членки на политички партии се препорачува работа со жените во политичките партии каде родовата сензитивност и родовите потреби би биле елаборирани преку потреби до партиски изборни програми.

## Одговори од граѓанки на општина Шуто Оризари

Прашалникот кој го пополниле 53 граѓанки на општина Шуто Оризари се состои од 5 прашања, од кои 4 се отворени и даваат можност за не насочени одговори. Идејата е да се одредат приоритети кои локалната политика треба да ги решава, а се прекупотребни за живот на граѓаните во општината.

На прашањето:

### 1 Кои се вашите приоритети за општината, граѓанките одговориле следно:




Покрај отворените прашања и можноста да се одберат најразлични приоритети, сепак за граѓанките општина Шуто Оризари најбитна е инфраструктурата т.е. проодни патишта, собран смет, редовен превоз, осветлување, канализација, но и прашање како здравствената заштита во општината, домувањето и комуналиите, но секако и можностите за вработување.

## 2 Што ќе им го олесни животот на жените во општината ?




Од одговорите се гледа дека граѓанките на општината сметаат дека вработувањето на жените во општината најповеќе ќе влијае врз подобрувањето на животот, но тука секако се и достапноста до доктори и медицинска грижа, можноста за образование, превоз на децата до училиштата кој се многу помалку застапени како приоритет.

## 3 Дали знаете дека секоја општина треба да има Комисија за еднакви можности е прашањето на кое одговориле




Најголем број од граѓанките не знаат за постоењето на Комисија за еднкави можности, нивниот број е 36. Мал број знае за постоењето 14 од испитаничките. Додека останатите 3 не дале одговор.

## 4 Според вас која е улогата на таа Комисија ?




Според одговорите на ова прашање може да заклучиме дека 34 од испитаничките не одговараат на прашањето, 4 се произнеле дека не знаат, додека 13 веруваат дека Комисијата одлучува за еднаквоста, додека 2 сметаат дека одлучува во корист на жените.

## 5 Кога имате проблем, а се однесува на вашето живеење во општината на кого му се обраќате?




Очигледно е дека најголем број испитанички за своите проблеми со општината не се обраќаат никаде 23 од нив, во општината се обраќаат 11, т.е во општинската администрација, додека кај градоначалникот се обраќаат 6 испитанички, не знаат 4 испитанички, на претседателот на советот 1, на полиција 1 истпитаничка, на социјален работник 1, дома 3,на НВО 1, на совет 1, кај избраните 1.

## Заклучоци и препораки

Од резултатите на испитаничките кои доаѓаат од граѓанките на општина Шуто Оризари, можеме да заклучиме дека тие добро ги таргетираат проблемите што се во ингеренција на општината. Одговорите јасно се групираат околу потребата да се интервенира на инфраструктурата како што се улици, водовод, осветлување, канализација, собирање на сметот, транспортот на учениците, потреба од здравствена грижа.
Од одговорите се гледа и дека не ги познаваат во извесна мерка функциите на општината, дека извесен број на испитанички не знае дека постои комисија за еднакви можности, но уште поголем број и не ја знае функцијата на општината. Тоа може да се случи од повеќе причини, а една од нив комисијата да не е видлива со својата работа кај населението или пак дека самата Комисија е маргинализирана во работата на општината да не создава резултати видилив за граѓаните.

Друга забелешка е што најголем број испитанички кога имаат проблем поврзан со делувањето на општината не се обраќаат никому, или се обраќаат каде имаат моќ да влијаат. Очигледно е дека општината мора да ја унапреди својата работа и да ја направи потранспарентна и поедноставна за да можат граѓаните да ги користат услугите кои им припаѓаат.

## Одговори на испитанички од други општини

Резултати од одговорите на 53 жени од другите општини, т.е. кои не доаѓаат од општина Шуто Оризари. Овде прашалникот е во поголем број на прашањата затворен, но со можност на избор. Поставени се 7 прашања, каде 5 од прашањата имаат опција за избор, а 2 се условно отворени зависно од одговорите на претходните прашања. Овој прашалник има општ дел кој се заснова на забележувањата и размислувањата за присуството на жените во политиката, па постепено се трансформира во прашања кој се однесуваат на учеството на жената Ромка во политиката.

На прашањето:

1 **Дали мислите дека жените во политиката не се застапени**, одговориле 13 испитанички, додека 5 сметаат дека доволно се застапени. Мнозинството од 34 испитанички сметаат дека жените во политиката треба да бидат повеќе застапени, додека 1 не одговориле.




На второто прашање се бара испитаничките да ја довршат реченицата

2 **Во политиката жените добро се справуваат –** Одговориле 24 испитанички.

Некако се справуваат одговориле 12, додека 6 од нив сметаат дека се многу успешни, а 10 испитанички одговориле дека жените во политиката воопшто не се успешни, 1 не одговориле.



## 3. На прашањето: Дали мислите дека жените од сите заедници се сразмерно застапени?

Со Да одговориле 5 испитанички, за 44 испитанички мислењето е дека не се сразмерни застапени, додека 2 одговориле дека не знаат и 2 не одговориле.




## 4. Дали мислите дека жените Ромки се доволно застапени во политиката?

На ова прашање, 48 испитанички сметаат дека жените Ромки не се доволно застапени во политиката, само 3 испитанички се на мислење дека жените Ромки се доволно застапени, 2 не одговориле.




## 5. Доколку мислите дека се застапени, набројте каде се највеќе застапени?

Од тие што одговориле да дека се застапени, едната го споделила своето мислење и смета дека се застапени во институциите и невладините организации.

## 6. Доколку мислите дека не се застапени, што мислите што е причината за малиот број на жени Ромки во политиката?

На ова прашање, 11 испитанички навеле дека образованието и традицијата се одговорни за малиот број на жени во политиката, додека 1 испитаничка смета дека никогаш не биле застапени и така тоа и останало, 4 сметаат дека за оваа состојба е виновен начинот на кој се гледа на жените Ромки. Додека 8 испитанички сметаат дека за се е виновна дискриминацијата, 2 дека не се внесени во политичките води, 4 сметаат дека жените Ромки се не заинтересирани за политиката, но други 2 испитанички сметаат дека жените Ромки не се доволно обучени за таа дејност. Во партиите што не им даваат можност вина гледаат 2 испитанички, додека е 1 смета дека партиите мора да вложат во жените Ромки, додека пак 4 сметаат дека сопругот и околината влијаат за малиот број Ромки во политиката. Додека останатите 4 не одговориле.



7 **На седмото прашање: Според вас, што треба да направат жените Ромки да бидат активен дел во полтиката**, добиени се следните одговори:

Да бидат поборбени смета 21 испитаничка, да се вклучат повеќе во политичките партии сметаат 17, да ги има повеќе во медиумите сметаат 8 испитанички. За оние кои не се пронашле во понудените одговори напишале дека за жените Ромки да станат поактивни во политиката треба да станат видливи и да бидат се повеќе присутни одговорила 1, да се смени мислењето дека жените Ромки се само за домашна работа рекле 2, да формираат своја политичка партија рекла 1, да се внесе концептот на женско лидерство уште од основно училиште 1, да вложат во своето образование рекле 2 испитанички.

**да формираат своја пол. партија** 1,9%

**да станат видливи** 1,9%

да се смени традицијата 3,8%

**концепт женско лидерство во образование** 1,9%

**да бидат по борбени** 40,4%

**да ги има во медиуми** 15,4%

**да се вклучат во политички партии** 32,7%

**да вложуваат во своето образование** 3,8%

## Заклучоци и препораки

Од одговорите на испитаничките од другите општини можеме да заклучиме дека најголем број од нив сметаат дека жените не се застапени во политиката, но дека оние кои се во политиката добро се снаоѓаат.

Исто така, може да се забележи дека во многу голема мера забележуваат отсуство на жената Ромка од политичката сцена. Причината ја пронаоѓаат во недостатокот на образование, дискриминацијата, традицијата како и третманот во политичките партии. Се гледа дека сакаат да им бидат "ветер во грбот" па им даваат совети да бидат поборбени да се вклучат во политичките партии, да бидат застапени во политичките партии, да се внесе женско лидерство во основното обазование. Сите овие препораки во голема мера би требало да се земат во предвид.

## Општи заклучоци и препораки изведени од одговорите од прашалниците

- **Кандатите за градоначалници имаат извесни познавања од родовите прашања, но женските невладини организации мора да одржуваат постојан контакт со политичарите на одговорни функции и од време на време да ги запознаваат со нивните сознанија, трендови и резултати од нивната работа, со што ќе се направи обид да се инкорпорираат прашањата на жените во секојдневните политики.**

- **Видливо е дека политичките партии не ги фаворизираат своите женски членови. Треба да се направи напор за жените Ромки во политичките партии да се организираат, да направат своја цврста политичка програма и да се промовираат во политичките партии, во медиумите, но и да се претставаат пред граѓаните.**

- **Се забележува дека општината која се испитува не е многу транспарентна кај граѓаните како да ги користат услугите што таа треба да им ги пружа на граѓаните. Мора да се направи притисок општината да се грижи многу повеќе за обврските кон граѓаните и граѓанките.**

- **Работата на Комисијата за еднакви можности во рамки на општината мора да биде видлива, а граѓанското учество во истата обврзно.**

- **Медиумите како алатка би требало да се користат во промоција на работата на политичарките и Комисијата за еднакви можности.**

- **Женските невладини организации иако работат на прашања на граѓаните, би било убаво да развијат програми каде граѓаните ќе учествуваат активно во креирање на приоритетите за работа на Комисијата за еднакви можности.**

- **Отчетноста на политичарите е многу важна, така да граѓанските организации би било убаво да ги повикаат политичарите на отчетност што е направено за жените во општината, со оглед дека жените во општината јасно ги дефинираат проблемите на кои треба да се работи.**

- **Формалното образование е многу битно, но неформалното образование кое граѓанските организации го пружат како услуга, општината треба да го негува и да го користи во својата работа.**

Прилог 1

Прашалник за кандидатите за градоначалници

Почитувани, овие прашалници Ви ги поставуваме со цел да направиме истражување во кое ќе ги дефинираме вашите приоритети за општината и граѓаните. Нашите прашања се однесуваат на заложбите на избраните градоначалници кон граѓаните и нивните специфични потреби.

1. Кои се вашите приоритети што ќе ги направите за општината?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

2. Кој се вашите приоритети каде ќе им го олесните животот на жените во општината?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

3. Што според вас значи родово сензитивна општина?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

4. Дали знаете дека секоја општина треба да има комисија за еднакви можности?
а ) да  б) не

5. Според вас која би била улогата на комисијата за еднакви можности во вашиот мандат?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

6. Вие како избран градоначалник колку жени би ангажирале во вашиот кабинет?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

Ви благодариме на довербата и на одвоеното време!

Прилог 2

Прашалник за кандидатките за советнички

Почитувани, овие прашалници Ви ги поставуваме со цел да направиме истражување во кое ќе ги дефинираме вашите приоритети за општината и граѓаните. Нашите прашања се однесуваат на заложбите на потенцијално избраните советнички кон граѓаните и нивните специфични потреби.

1. Кои се вашите приоритети што ќе ги направите за општината?

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

2. Кои се вашите приоритети каде ќе им го олесните животот на жените во општината?

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

3. Што според вас значи родово сензитивна општина?

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

4. Дали знаете дека секоја општина треба да има комисија за еднакви можности?
а ) да б) не

5. Според вас која би била улогата на комисијата за еднакви можности во вашиот мандат?

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Ви благодариме на довербата и на одвоеното време!

Прилог 3

## Прашања за граѓаните

Почитувани, овие прашалници Ви ги поставуваме со цел да направиме истражување во кое ќе ги дефинираме вашите приоритети за општината што како граѓани/ки ги очекувате

1. Кои се вашите приоритети што очекувате да се решат во општината?
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

2. Што мислите дека ќе им го олесни животот на жените во општината?
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

3.Дали знаете дека секоја општина треба да има комисија за еднакви можности?
а)да б)не

4. Според вас која би била улогата на комисијата за еднакви можности?
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

5. Кога имате проблем а се однесува на вашето живеење во општината на кого му се обраќате?

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

Ви благодариме на довербата и на одвоеното време!

Прилог 4

Прашалник за граѓани

1. Дали мислите дека жените во политиката
а) не се застапени
б) доволно се застапени
в) треба да бидат повеќе застапени

2. Довршете ја реченицата. Во политиката жените
а) добро се справуваат
б) некако се справуваат
в) многу се успешни
г) воопшто не се успешни

3. Дали мислите дека дека жените од сите заедници се сразмерно застапени?
а) да
б) не

4. Дали мислите дека жените Ромки се доволно застапени во политиката?
а) да
б) не

5. Доколку мислите дека дека се застапени, набројте каде се највеќе застапени?
______________________________________________________________
______________________________________________________________
___________________________________________________

6. Доколку мислите дека не се застапени, што мислите што е причината за малиот број на жени Ромки во политиката?
______________________________________________________________
______________________________________________________________
___________________________________________________

7. Според вас што треба да направат жените Ромки да бидат активен дел во политиката:
а) да бидат по борбени
б) да се вклучуваат повеќе во политичките партии
в) да ги има повеќе во медиумите
г) доколку е нешто сосема поинаку ,ве молиме напишете ______________________________________________________________

Ви благодариме на довербата и на одвоеното време!

LULUDI
Romani Asocijacija Džuvljenge thaj Ternenge
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Roma Women and Youth Association

**Адреса**
Лазар Трповски 1/2-7, 1000., Скопје

**Телефон**
02 6161 187
070 726 538

**Веб-страница**
www.luludi.mk

**Е-пошта**
luludi_sk@yahoo.com
razmluludi@gmail.com

Публикацијата е изготвена со помош на институционалната поддршка од Цивика Мобилитас.

CIVICA MOBILITAS